**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ” - БИТОЛА**

# ДОПОЛНУВАЊЕ НА КОНКУРС

## ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ ВО ПРВА ГОДИНА НА ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА ВО АКАДЕМСКАТА 2016/2017 ГОДИНА

**(ВО РАМКИТЕ НА „ПРОЕКТОТ 30/35“)**

Битола

Врз основа на член 57 алинеја 2, во врска со член 108 став 4, 109 и 110 од Законот за високото образование и на Конкурсот за запишување студенти во прва година на прв циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, објавен на 13.06.2016 година на интернет страницата на Универзитетот и во весникот „Дневник“ (16/17.06.2016), а во врска со член 3 од Законот за образование на возрасните, Одлуката на Владата на Република Македонија за бројот на студенти за запишување на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, Државниот универзитет во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид во академската 2016/2017 година бр. 42-4317/1 од 01.06.2016 година („Службен Весник на РМ“ бр. 109 од 08.06.2016 година) и Одлуката на Владата на Република Македонија за дополнување на Одлуката за бројот на студенти за запишување на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, Државниот универзитет во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид во академската 2016/2017 година бр. 42-5253/1 од 19.07.2016 година („Службен Весник на РМ“ бр. 135 од 22.07.2016 година), Одлуката на Ректорската управа на Универзитетот бр. 14-406/4 од 18.03.2016 година, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола објавува:

**ДОПОЛНУВАЊЕ НА**
**К О Н К У Р С**
**ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ ВО ПРВА ГОДИНА**
**НА ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ НА**
**УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА**
**ВО АКАДЕМСКАТА 2016/2017 ГОДИНА**
***(ВО РАМКИТЕ НА „ПРОЕКТОТ 30/35“)***

**I.**

| *Единици* | *Вонредни студенти* | *Износ на кофинансирање (ЕУР)-годишно* |
|---|---|---|
| **ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ – БИТОЛА** | **20** | **200** |
| Електротехника, електроенергетика и електроника /стручни студии/ | 10 | 200 |
| Енергетика и заштита на животната средина /стручни студии/ | 10 | 200 |
| **ВИСОКА МЕДИЦИНСКА ШКОЛА – БИТОЛА** | **25** | **200** |
| Општа медицинска сестра /стручни студии/ | 5 | 200 |
| Медицинско-лабораториски аналитичар /стручни студии/ | 5 | 200 |
| Физиотерапевти /стручни студии/ | 5 | 200 |
| Радиолошки технолози /стручни студии/ | 5 | 200 |
| Акушерки /стручни студии/ | 5 | 200 |
| **ВКУПНО** | **45** | **200** |

**II.** Оваа категорија студенти се запишуваат на прв циклус стручни студии на Техничкиот факултет - Битола и Високата медицинска школа - Битола, како вонредни студенти со покривање на трошоците за кофинансирање на студиите.
Право на запишување на прв циклус (додипломски) студии на наведените единици имаат:

- Кандидати кои се повозрасни од 30 години (за жени), односно 35 години (за мажи);
- Кандидати кои ги исполнуваат општите услови за запишување и имаат засновано работен однос или оние кандидати кои од оправдани причини не се во можност да се запишат како редовни студенти, како и кандидати кои се невработени, а се пријавуваат во Агенцијата за вработување најмалку 3 (три) години.

Овие кандидати се рангираат на посебна ранг-листа, според успехот од средното образование.

**III.** Сите останати одредби од Конкурсот за запишување студенти во прва година на прв циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола објавен на 13.06.2016 година на Интернет страницата на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола и во весникот „Дневник“, објавен на 16/17.07.2016, важат и за кандидатите кои ќе се пријават во категоријата кандидати над 30/35 годишна возраст.

## IV. РОКОВИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И ЗАПИШУВАЊЕ

Пријавувањето и запишувањето на кандидатите во првиот, вториот и третиот уписен рок се врши во следниве термини:

| | **Прв уписен рок** | **Втор уписен рок** | **Трет уписен рок** |
|---|---|---|---|
| Пријавување на кандидатите | 15,16 и 17.08.2016 | 01 и 02.09.2016 | 14.09.2016 |
| Објавување прелиминарна ранг-листа | 22.08.2016 | 05.09.2016 | 15.09.2016 |
| Објавување решение за прием на кандидатите | 24.08.2016 | 07.09.2016 | 19.09.2016 |
| Запишување на кандидатите | 25 и 26.08.2016 | 12 и 13.09.2016 | 20.09.2016 |

По потреба Ректорската управа ќе донесе одлука за дополнителен уписен рок.

**Конкурсот е објавен на интернет страницата:**
**http://www.uklo.edu.mk**